АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-47/1
31.01. 2023 год.
СКОПЈЕ

# АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

# Годишен план за проценка на ризици од корупција во Агенцијата за пошти за 2023 година

*Јануари, 2023 година*

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 3

1. Дефинирање и определување на ризик од корупција и интегритет ..... 5

2. Нормативни основи и правни аспекти ..... 6

3. Годишен план за проценка на ризици во Агенцијата за пошти за 2023 година ..... 7

3.1 Начела на кои се базира Планот за проценка на ризиците од корупција ..... 8

3.2. Општи и посебни цели на Планот за проценка на ризици во Агенцијата за пошти за 2023 година ..... 8

4. Процес на проценка на ризик од институционална корупција ..... 9

4.1. Анализа и евалуација на ризикот ..... 10

4.2. Идентификување на области подложни на ризик од корупција и постојни контролни механизми ..... 11

5. Мерки, препораки и активности за намалување на ранливоста од ризиците од корупција ... 12

6. Имплементација на Годишниот план ..... 13

7. Заклучок ..... 15

Прилог 1. – Табела на области подложни на ризик од корупција и постојни контролни механизми ..... 16

Врз основа на член 19 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022), а согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021 - 2025 година донесена од Државната комисија за спречување на корупција, Директорката на Агенцијата, донесе

# Годишен план за проценка на ризици од корупција во Агенцијата за пошти за 2023 година[1]

## ВОВЕД

Корупција според правната теорија во основа претставува злоупотреба на доверените јавни овластувања заради стекнување на лична корист спротивно на општествениот интерес. Согласно законското дефинирање под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, за себе или за друг, директно или преку посредник. Во поширока смисла на зборот, корупцијата подразбира искористување на службената положба за приватни цели.

Корупцијата се манифестира низ разни форми и софистицирани начини како на пример примање поткуп, изнуда, злоупотреба на материјални средства, прифаќање на подароци и услуги, намерно губење или пак подметнување на докази, вработување и унапредување спротивно на закон, спроведување незаконски постапки за јавни набавки, непостапување или несоодветно постапување согласно определените работни задачи, лобирање, несоодветно

[1] Документот претставува изјава за посветеноста на Агенцијата за пошти во спречување на корупцијата и активностите кои ќе бидат преземени за спречување на корупцијата во 2023 година

користење на овластувања, дискрециони овластувања, трговија со информации, судир на интереси и други дејства спротивни на општествениот интерес.

Ниту една институција или организација не е имуна на можните појави на корупција.

Ризикот од корупција е константно присутен на сите институционални нивоа поради што во континуитет се градат механизми и се развиваат алатки за нејзино пресретнување и сузбивање во нејзиниот зародиш. Мерките кои се применуваат во борбата против корупцијата се од превентивен и репресивен карактер и подразбираат правни и економски инструменти и градење на функционални институции во критичните области како што се владеење на правото, транспарентност, отчетност и интегритет. Справувањето со корупцијата подразбира не само идентификување и воздржаност од коруптивно дејствување, туку и исполнување на граѓанската и службената должност и општествена одговорност за пријавување на сите облици и форми на корупција.

Неповолните состојби во справувањето со корупцијата се нотирани во скоро сите извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија кон членството во ЕУ, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни национални и меѓународни организации. Поради тоа борбата против организираниот криминал и корупцијата се врвен државен приоритет. Напорите на државните институции, вклучително и на Агенцијата за пошти, се насочени кон јакнење на отпорноста и редукција на ранливоста од ризиците на корупција преку градење на интегритетот и воспоставување на механизми за спречување и борба против корупцијата како одговорен однос на државата кон процесот на европска интеграција и кон обврските кои произлегуваат од тој процес.

Агенцијата за пошти како одговорна институција одржува високи правни, етички и морални стандарди, почитувајќи ги принципите на интегритет, објективност, транспарентност и непристрасност. Во рамки на сопственото работење, Агенцијата за пошти посветува особено внимание на

намалување на можностите за корупција и континуирано се бори против било кои појавни облици на корупција и судир на интереси застапувајќи став на нулта толерантност кон корупцијата.

Во тој контекст Годишниот план е важен столб за ефикасно и транспарентно раководење со Агенцијата и превентивна алатка во борбата за спречување и сузбивање на сите појавни облици на коруптивно дејствување на институционално ниво.

Обуката на вработените е важна алатка во превенцијата на ризиците од појава на корупција, борбата против корупцијата, судирот на интереси. Обуките кои во континуитет се спроведуваат придонесуваат за унапредување на културата на интегритетот на вработените во Агенцијата за пошти. Мисија на Агенцијата е на сите вработени подеднакво да им се посветува внимание на развојот на интегритетот преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси. На тој начин ќе се олесни откривањето на случаите на корупција и ќе се обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи. Работните позиции во Агенцијата се подложни на различен степен на ранливост од ризикот на корупција во сите појавни облици и форми.

## 1. Дефинирање и определување на ризик од корупција и интегритет

Дефиницијата за ризик од корупција и значењето на поимот интегритет се превземаат и изворно интерпретираат во потполност за потребите на планирањето на проценка од ризици на Агенцијата за пошти.

Согласно член 8 став (5) од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, поимот „ризик од корупција“ се дефинира како било кој вид на внатрешна или надворешна слабост или процес што може да претставува можност за појава на корупција во државните тела, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор, што вклучува и прашања како што се судир на интереси, некомпатибилност на функциите, примање подароци и други недозволени плаќања, лобирање, немање систем за заштита на укажувачите, измама, несоодветно користење на овластувања, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот, трговија со информации и нивно неовластено користење, транспарентност на

процедурите и документите и други прашања кои се релевантни за интегритетот.

Согласно член 8 став (6) од истиот закон, поимот „интегритет“ значи законско, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на активности со кои службени лица го штитат својот углед и угледот на институцијата за која се одговорни, односно во која се вработени, ги отстрануваат ризиците и сомнежите за можности за појава и развој на корупција и со тоа тие ја стекнуваат довербата на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

## 2. Нормативни основи и правни аспекти

Агенцијата за пошти согласно Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 64/18, 248/18, 27/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21 и 227/22), како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, односно правно лице основано со закон со јавни овластувања и надлежности пропишани со Законот за поштенските услуги, надлежна е за промовирање на ефективна и одржлива конкуренција и обезбедување на фер пазарни услови во секторот, регулација на пазарот на поштенските услуги, и заштита на правата на корисниците на поштенските услуги.

Во текот на своето редовно работење, Агенцијата за пошти редовно ги проценува и анализира ризичните области во рамки на делокругот на работење и во рамки на идентификуваните ризични области за корупција редовно презема мерки за намалување и отстранување на ризикот. Во ноември 2021 година Агенцијата за пошти донесе Стратегијата на Агенцијата за пошти за спречување на корупцијата и судирот на интереси за периодот 2022 - 2024 година, а во јануари 2022 година Стратешки план на Агенцијата за пошти за 2022 – 2024 година.

Во согласност со визијата, мисијата и независната регулаторна позиција на Агенцијата за пошти како и од неопходноста за перманентна борба со

корупцијата, Стратегијата е заснована на реални процеси и цели кои треба да резултираат и придонесат за континуирано намалување на корупцијата во поштенскиот сектор, а понатаму и во државата.

Со Стратешкиот план на Агенцијата за пошти се дефинирани пет стратешки цели. Овие стратешки цели ги идентификуваат потенцијално ризичните области кои се подложни на ранливост, а од нивната имплементација значително зависи јакнењето на отпорноста во справувањето со ранливоста од корупција во поштенскиот сектор. Поконкретно станува збор за Стратешката цел 3: Заштита на корисниците и давателите на поштенските услуги, Стратешката цел 4:Зајакнување на институционалните перформанси и развој на човечки ресурси и Стратешката цел 5:Промена на регулативата за поштенските услуги и транспонирање на европската регулатива за меѓународна достава на пакети. Наведените стратешки цели и покрај тоа што можат да претставуваат потенцијални ризични области едновремено содржат и интегритет, независност, непристрасност и доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност.

Токму затоа, Агенцијата за пошти во континуитет, преку унапредување на нормативните и институционални капацитети, настојува да воспостави, развива и применува ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција.

## 3. Годишен план за проценка на ризици во Агенцијата за пошти за 2023 година

Планот за проценка на ризиците од корупција се изработува за период од една година. Планот е транспарентен документ и претставува основа за одржлив одговор во процесот на јакнење на отпорноста и редукција на ранливостите преку процена на ризиците за корупција. Со него се канализираат мерките и се воспоставуваат механизми/предлагаат активности за водење на ефикасна антикорупциска борба и политика за нулта толеранција на корупцијата во поштенскиот сектор.

### 3.1 Начела на кои се базира Планот за проценка на ризиците од корупција

Планот за проценка на ризиците од корупција односно, јакнењето на отпорноста и намалувањето на ранливоста од ризиците за корупција во Агенцијата за пошти се потпира на основните начела на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност дефинирани со членовите 3 до 7 од Законот за спречување корупција и судир на интереси („Службен Весник на Република Македонија", бр.12/2019).

Имплементацијата на мерките и активностите предвидени со Планот произведува обврски за Агенцијата за пошти со цел јакнење на отпорноста и интегритетот на вработените и на Агенцијата, како и редукција на ранливоста на ризиците од корупција и судир на интереси преку отстранување на идентификуваните слабости и пропусти.

### 3.2. Општи и посебни цели на Планот за проценка на ризици во Агенцијата за пошти за 2023 година

Целите на планот се усогласени и произлегуваат од целите и принципите на националната легислатива, Стратегијата на Агенцијата за пошти за спречување на корупција и судир на интереси 2022-2024 година, Стратешкиот план на Агенцијата за пошти 2022-2024 година, како и други релевантни национални и меѓународни политики за транспарентност и интегритет во поштенскиот сектор.

Општи цели на Планот за проценка на ризици во Агенцијата за пошти за 2023 година се:

1. идентификување и рангирање на ризиците од корупција;
2. воспоставување регистар на ризици со кои се соочува Агенцијата;
3. јакнење на интегритетот и свесноста на вработените во Агенцијата за важноста од почитување на принципите на управување со ризик и за контрола на ризикот.

Посебните цели кои се однесуваат на јакнењето на отпорноста и намалување на ранливоста од ризиците од корупција, а се поврзани со управувањето со ризиците од работењето се:

1. нулта толеранција на корупцијата и политика на не примање на поклони и други видови на подароци од трета страна;
2. спречување на судир на интереси вклучително и во спроведување на надзорот;
3. зголемена транспарентност во трошењето и јавните набавки;
4. јакнење на интегритетот на сите нивоа и на сите вработени во Агенцијата;
5. јакнење на отпорноста и редукција на ранливоста од ризиците на корупција.

## 4. Процес на проценка на ризик од институционална корупција

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за пошти за 2023 година, опфаќа подготвителна фаза за проценка и идентификување на ризикот/ризиците од институционална корупција, анализа и евалуација на ризиците и идентификување на постојните контролни механизми (кои се всушност опфатени и со Стратегијата). Исто така, ги идентификува и планира можните решенија и соодветните мерки и препораки.

Составен дел на Планот е и Акциски план - регистар на приоритизирани ризици и проценка на ранливостите од корупција и спроведување на надзор и мониторинг на процесите за управување на ризиците.

Директорот како институционално одговорно лице во Агенцијата за пошти во рамки на спроведувањето на проценката на ризикот неопходно е да назначи одговорно лице и негов заменик кое ќе биде контролор - координатор за управување со ризици кое ќе има улога да го следи јакнењето на отпорноста и намалување на ранливостите од корупција на Агенцијата. Тоа подразбира и одговорност за спроведување на евалуација на ефектите од Планот за справување со ризиците од корупција, односно имплементацијата на механизмите за јакнење на отпорноста и намалување на ранливоста од ризиците од корупција.

Целта на проценката на ризикот е да се воспостави регистер на идентификувани и рангирани ризици,евалуирање на ризиците во однос на веројатноста за нивно појавување и нивното влијание, определување на улоги

во Агенцијата за пошти за управување со ризиците, јакнење на отпорноста на ризици од корупција и зголемување на интегритетот и свеста на вработените и запознавање со принципите за управување со ризиците.

Областа за заштита на укажувачи која е комплементарна на проценката на ризици од корупција е претходно регулирана и назначено е овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, во Агенцијата за пошти, вклучително и пријави за можности од корупција. Транспарентно се објавени постапките за добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги, како и Регистарот на лиценци (даватели на поштенски услуги кои имаат Општо овластување издадено од Агенцијата за пошти).

Јавно на веб страницата се објавени и годишните Планови за јавни набавки со измените, како и Годишните извештаи за спроведување на плановите за јавни набавки. Транспарентноста во спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата, Финансискиот план, како и Планот за јавни набавки со соодветните извештаи придонесуваат за јакнење на отпорноста и намалување на ранливоста на Агенцијата од ризикот за корупција.

### 4.1. Анализа и евалуација на ризикот

Со донесената Стратегијата како формален акт, Агенцијата за пошти ја потврди одлуката за посветеноста на институцијата за идентификување на корупцијата со која се констатира дека институцијата ќе спроведе проценка на ризик од институционална корупција.

Во рамки на Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за пошти за 2023 година, имајќи при тоа во предвид дека станува збор за субјект со мал број на вработени, во текот на месец март со формален акт ќе ги дефинира задачите и обврските и начините на информирање и обука на директорот, претседателот и членовите на Комисијата, раководителите на директоратите и сите вработени по однос на идентификување и управување со ризикот/ризиците, а ќе се определи и формален координатор за управување со ризикот со појаснување на неговите задачи и одговорности. Во оваа фаза сите

вработени ќе се запознаат со Насоките за проценка на ризик и со законските одредби на Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Законот за јавна внатрешна финаниска контрола.

### 4.2. Идентификување на области подложни на ризик од корупција и постојни контролни механизми

Годишниот план треба да придонесе за продлабочување на процесите за идентификување и самопроценка на ризиците и управување со ризиците од корупција и друго неетичко однесување.

Во рамки на фазата на проценка на ризикот, согласно целите на Стратегијата утврдени **се ризичните области за корутпивни** дејства апликативни за Агенцијата за пошти, а особено: Елиминирање на политичкото влијание и постапките регулирани со закон; Подобрување на ефикасноста на системот за управување со човечки ресурси, посебно во делот на вработување; и Спречување на судир на интереси и недозволени влијанија при јавните набавки.

Области кои се подложни на ризикот од корупција во работата на Агенцијата за пошти и во поштенскиот сектор се идентификуваат:

- јавните набавки;
- злоупотребата на службената положба;
- управувањето со финансии;
- управувањето со човечки ресурси;
- надзорот и судирот на интереси;
- протокот на сензитивни информации од Агенцијата до давателите на услуги во поштенскиот сектор.

Во рамките на секоја област дефинирани се можните ризици за корупција при што се предвидени мерките за справување со ризикот, надлежна организациона единица/назначено лице за спроведувањето на мерката и временската рамка за нејзина реализација (Прилог 1.).

Согласно дефинираните ризици од корупција, а во врска со веќе утврдените области на потенцијален ризик, анализирани се информациите релевантни за Агенцијата за пошти што се однесуваат до проценка на ризикот,

идентификувани се процесите, функциите и индикаторите за идентификување на потенцијалните релевантни ризици и како и индикаторите за ранливост на институцијата од потенијалните ризици.

## 5. Мерки, препораки и активности за намалување на ранливоста од ризиците од корупција

Мерките и алатките за борба против корупцијата согласно Стратегијата упатуваат на зајакнување на механизмите за надзор и контрола, за меѓуинституционална соработка и собраниска контрола над работењето на Агенцијата за пошти. Тоа задолжително вклучува и јакнење на отпорноста преку намалување на ранливоста од корупција на Агенцијата, подигнување на нивото на свесност и интегритет на вработените и спроведување на континуирани обуки и образование по идентификуваните области подложни на ризици од корупција.

Потребно е да се спроведат обуки на три нивоа (високо, средно и ниско) за вработените. Обуката на ниско и средно ниво е задолжителна за сите вработени, додека обуката на високо ниво е задолжителна за раководителите на директоратите и на Директорот на Агенцијата. Континуитет во обуките за јакнење на интегритетот на вработените во јавните набавки, судирот на интереси, градењето на отпорност и редукција на ранливостите од ризиците од корупција се контунуирани предизвици за секоја институција, па и за Агенцијата.

Законска обврска и должност на Агенцијата е континуирано да инвестира во изнаоѓањето на механизми и алатки за јакнење на отпорноста и спречување на ранливоста од ризиците од корупција, преку континуирано развој на интегритетот на своите вработени, обука и образование и подобрување на животниот стандард.

Заради спречување на корупцијата и судирот на интереси, Агенцијата за пошти ќе ги преземе следните активности:

**1.** Ќе воспостави пропорционални мерки за спречување на корупцијата и судирот на интереси врз основа на детална проценка на ризикот, заради што на

вработените минимум еднаш на две години ќе им се обезбеди обука за начинот на спречување на корупцијата и судирот на интереси.

2. Ќе ги разгледува сите случаи за сомневање за корупција и судир на интереси или вистински настаната корупција и судир на интереси со цел подобрување на системот на внатрешни контроли.

3. Ќе спроведува политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и ќе воспостави јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на нивниот ефект, доколку се случат.

## 6. Имплементација на Годишниот план

Раководната структура/Раководителите на директоратите во Агенцијата за пошти се одговорни за секојдневно управување со ризиците од корупција и тоа особено за:

- постоење на соодветен систем на внатрешни контроли;
- примена на заштитни мерки во случај на сомневање за корупција,
- преземање на корективни мерки и обезбедување систем за евидентирање и чување веродостојни податоци за секоја активност заради спроведување на натамошни дополнителни контроли и сл.

Исто така и сите вработени треба да бидат подеднакво посветени на развојот на интегритетот преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси, првенствено преку откривањето и навременото пријавување на случаи за можна корупција и навременото и правилно решавање на таквите случаи.

Воспоставените внатрешни контролни механизми, се исто така важни во јакнењето на институционалниот интегритет, борбата против корупција и градењето капацитети во процесот на исполнувањето на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет. Во таа смисла воспоставувањето и прецизното дефинирање на функцијата црвен телефон и е-пошта заради

пријавување на наоди за мито и корупција и нивното објавување на веб-страница на Агенцијата за пошти, и определеноста на лице за постапување по претставки и предлози, за интегритет, примање подароци и судир на интереси, овозможува непречено функционирање и намалување на можните појави на корумпивност во Агенцијата за пошти.

Зголемување на мотивираноста за пријава на корупција, заедно со спроведување на зајакната внатрешна контрола во работењето од непосреден и повисок раководител во директоратите и од функционерот се дополнителни активностите кои можат да придонесат за намалување на можностите за појава на ризици од корупција, и со тоа доведуваат до засилување и подигнување на интегритетот во Агенцијата за пошти и зајакнување, односно зголемување на ефикасноста во борбата против корупцијата.

Дефинираните мерки со активности за преземање во борбата против корупцијата се во насока за ублажување, надминување и отстранување на идентификуваните можни недостатоци.

Финансиските средства за спроведување на активностите од овој Годишен план се обезбедени со буџетот на Агенцијата за пошти, а организационите единици/директоратите ги спроведуваат како дел од редовните работни задачи.

Во рамки на активното и континуирано следење и евалуација на потенцијалните ризици, Агенцијата за пошти во иднина ќе го користи примерот на топлотната карта на ризици која е претставена во Насоките за проценка на ризикот на Република Северна Македонија, а претставува алатка за визуелно, концизно и прегледно прикажување на резултатите од процесот на проценка на ризикот по однос на влијание и веројатност.

Истата комплементарно со примерокот на формулари за анализа на евалуацијата со сегашните постојни и идни превентивни контролни мерки и предлог-решенија, мерки и препораки, ќе доведат до формирање на Регистер на ризици кој ќе ги опфаќа сите ризици, контра мерки, одговорни лица и рокови кои биле идентификувани организирани во единствен документ.

Регистарот на ризици е „динамичен" документ и може да се менува секогаш кога ќе се случи промена. Истиот е предмет на постојано следење и постапување.

## 7. Заклучок

Со оглед дека утврдените ризици од корупција на државно и институционално ниво не се разликуваат и речиси не отстапуваат од оние кои се можни како појава или апликативни во Агенцијата за пошти, проценката на ризикот од институционална корупција не се разликува од системот за управување со ризик во Република Северна Македонија. Борбата против потенцијалните појавни облици на корупција во Агенцијата за пошти со тоа ќе пополни еден мал, но особено значаен, дел можеби во спецификите, во карактеристиките на вршење на поштенските услуги или низ годините на искуство кои ќе следат можеби во методолошкиот пристап кој во моментов се користи за проценка и управување со ризици.

Проценките, постапките во оваа материја во Агенцијата за пошти и сега и во иднина ќе бидат транспарентни, јавно достапни и потенцијално применливи и за други институции од јавниот сектор.

## Прилог 1. – Табела на области подложни на ризик од корупција и постојни контролни механизми

| Област: ЈАВНИ НАБАВКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Можен ризик:*** **Несоодветно планирање на јавните набавки** | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна ОЕ/ назначено лице за спроведување на мерката** | **Рок за реализација** | **Индикатори** |
| Соодветно планирање на јавните набавки | Воведување на редовна обука за спроведување на годишното планирање на набавките во процесите на јавни набавки со која кај учесниците се подига свеста за прашањата поврзани со интегритетот | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи, вклучувајќи ги сите директорати | Континуирано | Број на спроведени обуки (годишно) |
| | Изработка на ГПЈН врз база на предлози за потребите од јавни набавки доставени од директоратите во Агенцијата за пошти | Сите директорати во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Навремено доставени предлози |
| | Донесување на Годишен план | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи /Комисија на Агенцијата за пошти | 31.01.2023 година | Донесена одлука за усвојување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Економично, ефикасно и ефективно користење на буџетските средства со практикување максимална транспарентност во трошењето на средствата | Истражување на пазарот и реално проценување на вредноста на набавката/вкупниот износ за реализирање на договорите | Сите директорати во Стручната служба на Агенцијата | При подготовка на Годишниот план за јавни набавки | Спроведени постапки за доделување на договори за јавни набавки |
| | Објавување на ГПЈН и постапките за негова реализација на веб страницата на Агенцијата за пошти | Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста / Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Континуирано | Достапност на информации на веб страницата на Агенцијата |
| ***Можен ризик:*** **Несоодветни постапки при реализација на јавните набавки** | | | | |
| Почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури при спроведувањето на јавните набавки | Спроведување на ревизија | Независна ревизорска куќа ангажирана од Агенцијата | Март 2023 година | Извештај од независната ревизорска куќа |
| | Споредување и анализирање на најдобрите практики при спроведувањето на јавните набавки и изготвување на годишен извештај | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Декември 2023 година | Донесен извештај за реализација на планот за јавни набавки |
| Адекватна подготовка на техничките спецификации | Спроведување на редовна обука за унапредување на знаењата и вештините за изработка на технички спецификации, примена на одредени стандарди при | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Континуирано | Број на обуки (годишно) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подготовка на техничките спецификации | | | |
| **Област: ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА** | | | | |
| ***Можен ризик:* Незаконски постапувања и барања од страна на претпоставено лице** | | | | |
| Соодветно користење на дискреционите овластувања | Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето | Директор / Комисија на Агенција за пошти/ сите директорати во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Објавен Годишен извештај за работата на Агенцијата |
| Заштита од злоупотреба на официјални податоци | Организирање обуки за користење на официјални податоци и неовластено користење на информации | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Континуирано | Број на обуки (годишно) |
| **Област: УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ** | | | | |
| Можен ризик: **Несоодветно планирање на буџетот на Агенцијата за пошти** | | | | |
| Проценка на реалните потреби и транспарентно планирање и трошење на буџетот | Објавување на Финансискиот план и негова реализација на веб страницата на Агенцијата за пошти | Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област/ Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавноста | Веднаш по одобрување од Собранието на Република Северна Македонија | Доставени предлози |
| | Изработка на анализи и извештаи за планираните, одобрените и реализираните средства | Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област | Секој квартал од 2023 година | Објавен Финансиски план на веб страницата на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Агенцијата - квартално |
| ***Можен ризик:*** **Неисполнување на паричните обврски во предвидените рокови и на начин согласно законската регулатива** | | | | |
| Законско и совесно користење на паричните средства | Контрола на финансиските (безготовински и готовински исплати) и материјални документи | Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област | Континуирано | Усогласена сметководствена евиденција со фактиката состојба во благајна (картичка) |
| | Контрола на законското и правилно пресметување на плати и надоместоци | Директорат за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област | Континуирано | Прифатена пресметка на плата од страна УЈП на (МПИН) |
| **Област: УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| ***Можен ризик:*** **Несоодветно постапување и недоследено применување на законските обврски за вработување и унапредување** | | | | |
| Вработувања базирани на систем на вредности и критериуми за квалитет | Вработувања согласно позитивните законски прописи и интерни акти | Комисија за спроведување на оглас за вработување | Континуирано | Извршени интервјуа-тестирања-извештаи на Комисијата за спроведување на оглас за вработување |
| Воведување и адекватна примена на кадровски менаџмент/водење во кариера | Обезбедување на транспарентност во спроведувањето на постапките | Директорат за поддршка на работата на директорот и на Комисијата на Агенција за пошти/ Директорат за заштита на | Континуирано | Објавени огласи за вработување на веб страницата на Агенцијата и во дневни весници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | правата на корисници и односи со јавноста | | |
| Механизми за заштита на укажувачи | Обезбедување услови за заштитено внатрешно и надворешно пријавување на разумни сомневања и сознанија за неправилно постапување со кое се загрозува јавниот интерес. | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Доставени одговори и мерки по поднесени пријави |
| Зголемување на регуларноста во при доделување на парични награди и признанија | Дефинирање на јасни критериуми | Директор/раководители на Директорати | Континуирано | Одредби во Колективниот договор |
| | Обезбедување на транспарентен процес при дефинирање на предлозите | Сите директорати во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Доставени предлози од непосредно претпоставените раководители |
| **Област: НАДЗОР И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ** | | | | |
| ***Можен ризик:* Во институцијата не постои регулатива (интерен акт) за управување на судирот на интереси** | | | | |
| | Да се донесе интерен акт за судир на интереси | Сите директорати во Стручната служба на Агенцијата | Крајот на 2023 година | Донесен интерен акт |
| | Зајакната меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата | Сите директорати во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Одржани работни состаноци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Управување со судирот на интереси (интерни акти) | Организирање обуки за информирање на вработените за постоечката регулатива, одговорноста, начинот на работење и постапување | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Континуирано | Број на обуки (годишно) |
| | Обука на вработените за градење интегритет и борба против корупција | Директорат за регулатива, лиценцирање и правни работи | Континуирано | Број на обуки (годишно) |

Преку овие механизми се обезбедува ефикасен систем на следење и мониторинг и работење согласно принципите на професионализам и отчетност на Агенцијата за пошти.

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за пошти за 2023 година ќе биде доставен до сите директорати во Агенцијата, со цел вработените во Стручната служба на Агенцијата да се запознаат со целите и механизмите за справување со корупција и нивните обврски.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Директорка

Билјана Аврамоска Ѓореска